**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ (ТРУБА) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-61/5 од 5.5.2015 година донесена на седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија, одржана на 5.5.2015 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во насловно звање доцент за *наставно-научната област видови на инструменти (труба)* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

– проф. м-р Васо Ристов, редовен професор, вработен на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претседател;
– проф. д-р Владимир Лазаревски, вонреден професор, вработен на Македонска филхармонија и хонорарно ангажиран на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
– проф. м-р Златка Митева, вонреден професор, вработена на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 21.4.2015 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: м-р Баже Костадинов.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Баже Костадинов** е роден на 15 јуни 1977 година во Штип, Р. Македонија. Уште од рана возраст покажува интерес за инструментот труба. Основно и средно музичко образование завршува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, во класата на проф. Симеон Савев. Во 1995 година се запишува на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во класата по труба на Инструменталниот оддел на проф. Симеон Савев. За време на студирањето се истакнува како одличен студент, учествува на повеќе државни и меѓународни натпревари и се здобива со бројни признанија, посетува повеќе семинари кај истакнати педагози од областа на трубата (Андре Анри, Гиј Туврон, Ангел Македонски, Васо Ристов и др.). По завршувањето на додипломските студии во 1999 г. започнува со соработка како хонорарен соработник прв трубач (солист во Македонската опера и балет и Македонската филхармонија сè до 2003 година). Истата година се враќа во родниот град каде што ја започнува својата професионална кариера како наставник по труба и камерна музика, а од 2005 година до денес е наставник по труба. Во 2009 година се запишува на постдипломски студии на Државниот универзитет во Тетово во класата на проф. м-р Васо Ристов, а во 2012 година успешно ги завршува постдипломските студии и се здобива со титула магистер по труба. Како истакнат педагог ја добива наградата за успешен педагог за учебната 2013/2014 година од страна на Здружението на музичко-балетските педагози на Македонија. Од 2007 година е назначен за координатор на Одделот за дувачи во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип. Заедно со своите ученици учествува на бројни концерти, сите државни и меѓународни натпревари, каде што освојува повеќе од 60 награди. Концертите, трудовите и останатите активности со кои се вреднуваат поени на кандидатот м-р Баже Костадинов се детално наведени во делот за вреднување на поени.

***Критериуми за избор во сите звања наведени во Конкурсот***

Кандидатот треба да имат завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнуваат останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование/за одбранет магистерски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени на нотар, странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оцените);
- кратка биографија (во 4 примероци);
- список на објавени научни и стручни трудови;
- по еден примерок од трудовите;
- потврда дека се служат со еден од светските јазици;
- препорака од најмалку 2 професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот - за кандидатите за избор во доцент;
- препорака од претходниот работодавач (доколку кандидатот бил вработен) за кандидатите за избор во доцент;
- еден примерок од магистерскиот труд;
- уверение за државјанство.

***Услови што треба да ги исполнуваат кандидатите за избор во насловно звање насловен доцент според Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:***

1. Кандидатот треба да има диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности или фолклористика.
2. Изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство).
3. Кандидатот треба да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Баже Костадинов - труба, Гоце Костадинов - пијано | Целовечерен концерт | XII Традиционален мајски концерт | 23.5.2011 год. |
| 2. | Баже Костадинов во рамките на камерен оркестар | Целовечерен концерт | Меморијален концерт | 21.3.2012 год. |
| 3. | Баже Костадинов - соло труба и хор | Целовечерен концерт | Годишен концерт | 30.5.2012 год. |
| 4. | Баже Костадинов во рамките на камерен оркестар | Целовечерен концерт | Концерт на лауреатите - Стара Загора (Бугарија) | 25.11.2013 год. |
| 5. | Баже Костадинов во рамките на камерен оркестар | Целовечерен концерт | Новогодишен концерт | 26.12.2013 год. |

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности и стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

Од доставената документација кандидатот м-р Баже Костадинов има реализирано 10 целовечерни концерти во земјава и 2 во странство во признати концертни сали и тоа:

- 23.5.2011 год. Солистички концерт за труба во придружба на пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 21.3.2012 год. Концерт за соло труба придружен од камерен состав (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 30.5.2012 год. Концерт за соло труба придружен од мешан хор (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 25.11.2013 год. Концерт за соло труба придружен од камерен состав (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 26.12.2013 год. Концерт за соло труба придружен од камерен состав (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 10.5.1999 год. Солистички концерт за труба во придружба на пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 25.5.1999 год. Солистички концерт за труба во придружба на пијано (дипломски испит), (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 6.11.2007 год. Солистички концерт за труба во придружба на пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 9.4.2010 год. Солистички концерт за труба во придружба на пијано (магистерски испит прв дел), (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 12.12.2012 год. Солистички концерт за труба во придружба на пијано) (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 18.12.2012 год. Солистички концерт за труба во придружба на пијано (магистерски испит втор дел), (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 25.11.2011 год. Концерт за труба во рамките на камерен состав (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 18.12.2012 год. Одбранета магистерска работа (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 11);
- март 2012 год. Рецензент на научен труд ISBN 978-608-65495-1-0 (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 23);
- април 2011 год. Член на организационен или научен одбор на државен натпревар организиран од Музички и балетски педагози на РМ (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 19);
- април 2011 год. Член на организационен или научен одбор на државен натпревар организиран од Здружение на директорите на музичките и балетски училишта на РМ „Хармонија - МБ“ (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 19);
- март 2012 год. Член на организационен или научен одбор на државен натпревар организиран од музички и балетски педагози на РМ (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 19);
- април 2014 год. Член на организационен или научен одбор на државен натпревар организиран од Здружение на директорите на музичките и балетски училишта на РМ „Хармонија - МБ“ (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 19);
- април 2011 признание за научни/уметнички постигнувања од областа на музичката уметност во рамките на државата (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 21);
- декември 2014 признание за научни/уметнички постигнувања од областа на музичката уметност во рамките на државата (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 21);

- ноември 2011 меѓународно признание за научни/уметнички постигнувања од областа на музичката уметност (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 21);
- ноември 2014 меѓународно признание за научни/уметнички постигнувања од областа на музичката уметност (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 21).

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

- Август 2011 г., Пленарно предавање на стручен собир (активно учество на семинар од областа на музичката уметност) (види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 7).
- Август 2012 г., Пленарно предавање на стручен собир (активно учество на семинар од областа на музичката уметност) (види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 7).
- Август 2014 г., Пленарно предавање на стручен собир (активно учество на семинар од областа на музичката уметност) (види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 7).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На членовите на Комисијата за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област видови на инструменти (труба) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Согласно со Законот за високо образование на Р. Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија го донесе следниов заклучок и предлог:

Врз основа на доставената документација и целокупната наведена активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека кандидатот м-р Баже Костадинов ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање доцент за наставно-научната област видови на инструменти (труба) на Музичката академија, наведени во Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Кандидатот преку остварените досегашни активности како наставник во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ - Штип покажа способности за извршување наставно-образовна функција со видливи резултати.

**Чест и задоволство ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет усвојување на нашиот заклучок и кандидатот м-р Баже Костадинов да го избере во насловно звање доцент за наставно-научната област видови на инструменти (труба) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.**

**РЕЦЕЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Васо Ристов – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Лазаревски – член, с.р.**
**Проф. м-р Златка Митева – член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 10x3=30 | 2x6=12 |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 4x1=4 | / |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 2x5=10 | 2x10=20 |
| 23 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 1x1=1 | |
| | **ВКУПНО** | **81** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | 3x2=6 | |
| | **ВКУПНО** | **6** | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НИ+САОР)** | **87** | |